РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 10-1337/2
25.03.20 22 год.
Василево

Градоначалникот на Општина Василево, решавајќи по барањето на **ДПТУИ ИДЕА-консалтинг ДООЕЛ- Струмица о д март 2022**, за одобрување Проектна програма за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ,СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА КП бр.1414, КП бр.1415, КП бр.1416, КП бр.1417 КО Ангелци,општина Василево.**

**(фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со инсталирана моќност до 0.5 MW)**, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува Проектна програма за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ,СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА КП бр.1414, КП бр.1415, КП бр.1416, КП бр.1417 КО Ангелци,општина Василево. (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со инсталирана моќност до 0.5 MW)**, со технички број 03-104/2022 од Март 2022, изработен од ДПТУИ ИДЕА-консалтинг ДООЕЛ- Струмица .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ДПТУИ ИДЕА-консалтинг ДООЕЛ- Струмица., поднесе барање за одобрување на проектна програма за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, од март 2022** изработена од ДПТУИ ИДЕА-консалтинг ДООЕЛ-Струмица, за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ,СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ НА КП бр.1414, КП бр.1415, КП бр.1416, КП бр.1417 КО Ангелци,општина Василево (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со инсталирана моќност до 0.5 MW).**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf,dwg)
2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)
3. Геодетски елаборат
4. Услови за планирање на просторот
5. Полномошно

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Василево, со Решение бр. 09-48/1 од 13.01.2022 година и изменето решение бр.09-48/4 од 22.06.2022 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10-1184/1 од 19.07.2022 година.

Градоначалникот на општината Василево по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Изработил:А.Иванов

Одобрил: раководител Б.Андонов

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Славе Андонов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВАСИЛЕВО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО